Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот од објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1822/4 Претседател на Владата
25 февруари 2025 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски**, с.р.

---

**1005.**

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија” бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА КОНЦЕСИЈАТА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ПЕСОК И ЧАКАЛ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ВРПЧОВСКИ“ С.ДОБРОШИНЦИ, ОПШТИНА ВАСИЛЕВО**

1. Со оваа одлука Концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Врпчовски“ с.Доброшинци, Општина Василево, доделена со Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Врпчовски“ с.Доброшинци, Општина Василево, бр.24-5292/1 од 31.10.2014 година на Друштвото за производство, трговија и услуги Портланд-ОПЦ ДООЕЛ Струмица, престанува да важи заради истек на рокот за периодот на кој е доделена концесијата.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 50-1825/4 Претседател на Владата
25 февруари 2025 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски**, с.р.

---

**1006.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕТСКИ БОЛЕСТИ - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство, му престанува користењето на движните ствари и тоа:

| Реден број | Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Пациент монитор за мониторирање на стандардни параметри | Efficia CM150 | Филипс | парче | 10 |
| 2. | Транспортен пациент монитор за мерење на стандардни параметри | IntelliVue Muti – Measurement module X3, Philips | Филипс | парче | 3 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести - Скопје.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести - Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 50-2003/4 Претседател на Владата
25 февруари 2025 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**1007.**

По извршеното срамнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Правилникот за распоредувањето, класификацијата и разместувањето на осудените лица во казнено-поправните установи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 34/25), направена е техничка грешка, поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО, КЛАСИФИКАЦИЈАТА И РАЗМЕСТУВАЊЕТО НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ**

Во член 15 во ставовите 1, 2, 3, 4 и 7 наместо бројот „13“ треба да стои бројот „14“.

Во член 16 во ставовите 1 и 2 наместо бројот „13“ треба да стои бројот „14“.

Бр. 01-423/3
24 февруари 2025 година Министер за правда,
Скопје **Игор Филков**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**1008.**

Врз основа на член 61 став (3) од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 263/23 и 170/24), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ НА ЗАСТРЕЛ НА ДИВЕЧ СО ЛАК И СТРЕЛА И ПТИЦИ ГРАБЛИВКИ (СОКОЛАРЕЊЕ)**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на застрел на дивеч со лак и стрела и птици грабливки (соколарење).

Член 2

(1) Застрелот на дивеч со лак и стрела за секој вид на дивеч се врши од страна на ловците по претходно барање на правните лица корисници на дивечот во ловиште-